ДРУШТВО НА ФИЛМСКИТЕ РАБОТНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN FILM PROFESSIONAL ASSOCIATION

Врз основа на Статутот и Правилникот за работа на Интернационалниот фестивал на филмската камера „Браќа Манаки", Друштвото на филмските работници на Македонија објавува

# КОНКУРС

## За избор на селектор на главната програма на Интернационалниот фестивал на филмска камера „Браќа Манаки"

За кандидат за Селектор на главната програма на Интернационалниот фестивал на филмска камера „Браќа Манаки" може да аплицираат членови на Друштвото и други истакнати, докажани филмски професионалци, повеќегодишни критичари, теоретичари на филмот како домашни така и странски граѓани кои ги исполнуваат следните критериуми:

- да има високо образование;
- истакнат и докажан познавач на светски филм;
- повеќегодишно искуство и следење на светските филмски фестивали;
- познавање на најмалку еден светски јазик;
- да има објавувано критики, расправи, теории за филм;
- да има способности за комуникации, поготово со дистрибутери, директори и селектори од други фестивали;
- активно и препознатливо учество во филмската област

Селекторот на главната програма на Интернационалниот фестивал на филмската камера „Браќа Манаки" има мандат од две години со право на повторен избор.

Пријавите задолжително треба да содржат биографија на кандидатот, докази за исполнување на предвидените критериуми и детална програма за работата на Интернационалниот фестивал на филмска камера „Браќа Манаки" кои треба да се доставаат најдоцна до 25.03.2020 година на електронската адреса contact@dfrm.org.mk или во седиштето на Друштвото на ул. 8ми Март бр.4 1000 Скопје, Република Северна Македонија.